зборовите на авторката, за задушување на народното движење на чие чело стоел италијанскиот генерал Де Џорџис.

Десеттото поглавје носи наслов „Дунавско-Јадранскиот железнички пат“ за чија изградба Италија покажала голем интерес, но тоа не се реализирало.

Во заклучокот се вели дека „Италија во почетокот на XX век не била готова за прекројување на картата на Источното Средоземноморие. Оттука стремежот на италијанскиот владеачки врв за зачувување на Балканот и на Блискиот Исток мирот и статус квото“.

Монографијата на К. Э. Кирова поради ваквата содржина, која ние кратко ја изнесовме, има посебна вредност, бидејќи на еден пристапен начин ја презентира политиката на Италија спрема земјите на Источното средоземноморие.

**К. С.**

## П. А. Чихачев, ВЕЛИКИЕ ДЕРЖАВЫ И ВОСТОЧНЫЙ ВОПРОС,
„Наука“, Москва 1970, 224.

До нас допре една мошне интересна книга, која третира една проблематика кај нас прилично разработувана. Тоа е зборникот на статии на П. А. Чихачев, ВЕЛИКИЕ ДЕРЖАВЫ И ВОСТОЧНЫЙ ВОПРОС, во издание на „Наука“ од Москва — Главната редакција за Источната литература. Составувачот, автор на предговорот и забелешките е В. В. Цыбульский. Преводот од француски и германски е извршен под редакција на С. Н. Воробьев.

Во зборникот се вклучени ред историско-политички статии на рускиот научник-ориенталист П. А. Чихачев. Секоја статија го осветлува овој или оној аспект на источното прашање, т.е. положбата на Османската империја и борбата на големите европски држави — Русија, Англија, Франција и Австрија за господство во реонот на Блискиот Исток спроти, во времето и по Кримската војна (1853—1856 г).

Инаку треба да се напомене исто така дека овој зборник на статии составувачот го посветил на 200-годишнината од денот на раѓањето на видниот германски природоиспитувач и патешественик А. Хумболт (1769—1859).

Зборникот е поделен на уводен дел, шест поглавја, прилог и забелешки.

Во почетокот, т.е. во уводниот дел, се вели дека предложениот на внимание на читателите зборник „Големите држави и Источното прашање“ вклучува само мал дел од литературното наследство на рускиот научник-ориенталист Петар Александрович Чихачев, кој повеќе од 20 години патувал по Османската империја.

Авторот на предговорот В. В. Цибульски посебно нагласува дека не само во XIX век туку можеби, и во сета историја на иследувањето на Османска Турција и особено Мала Азија тешко е да се најде човек, кој толку патувал по таа тогаш небезопасна земја за европскиот, а уште повеќе за рускиот научник и внесол толку голем придонес во изучувањето на природата, етнографијата, географските, социјално-економските и

историско-политичките проблеми на тој важен реон на светот.

Работејќи во службата на азискиот департамент на Министерството за надворешни работи, П. А. Чихачев се занимавал пред сè со источното прашање и од 1834 до 1836 година живеел во престолнината на Османската империја — Цариград, работејќи како помошник секретар при руската мисија.

Во периодот од 1848 до 1863 година, П. А. Чихачев направил осум научни експедиции по Мала Азија. Како резултат на овие експедиции тој публикувал околу сто работи за Мала Азија, сред кои особено е ценет и добил светска слава неговиот класичен многутомен труд „Малая Азия“.

Последната експедиција која тој неуморен патешественик и иследувач ја презел веќе на крајот на својот животен пат — во 1877—1878 година, било патувањето во Северна Африка, преку Шпанија, Алжир, Тунис, Мароко, Египет и Либија кои Чихачев за првпат ги посетил уште во 1835 година кога служел при руската мисија во Цариград. Вториот пат тој бил овде во 1846 година. Како резултат на третото патешествие постанал големиот труд „Шпанија, Алжир и Тунис“ („Espagne, Algerie et Tunisie”), публикуван во Париз во 1880 година.

Литературното наследство на П. А. Чихачев, кој умрел во 1890 година, е огромно. Важните настани на општествено-политичкиот живот на Западот и Истокот на тоа време, нараснатите социјални противречности, острата идеолошка борба на научниот материјалистички мироглед против религиозните измислици — сето тоа нашло широк одраз во неговите трудови.

Инаку што се однесува до трудот на П. А. Чихачев „Великие державы и Восточный вопрос“, односно секоја од статиите во овој негов труд го осветлува овој или оној аспект на Источното прашање, т.е. положбата на Османската империја и борбата на големите европски држави — Русија, Англија, Франција и Австрија за господство во реонот на Блискиот Исток, спроти, во времето и по Кримската војна (1853—1856 г.).

Впрочем познато е дека Источното прашање неразделно е поврзано со националноослободителните движења на различни муслимански и христијански народи, кои со векови го чувствувале гнетот на султанските власти. Тоа прашање непосредно се однесувало на судбината на Турците, Грците, Ерменците, Србите, Македонците, Бугарите, Романците, Албанците, Молдавците, Арабјаните, Курдите и други народи.

Првата статија објавена во горе споменатиот труд на П. А. Чихачев носи наслов „Об англофранцузской политике в Восточном вопросе“ (De la politique anglo-française dans la question d'Orient) која била објавена во почетокот на 1854 година во Брисел кога Турција и Русија во тоа време веќе биле во состојба на војна. Англо-француската флота влегла во Црно Море, иако Англија и Франција официјално во војна уште немале стапено. Анализирајќи ја внатрешната положба на Русија, Турција, Англија и Франција, Чихачев ја разгледува нивната надворешна политика во директна зависност од социјално-економските услови во тие земји.

Тој доаѓа до заклучок дека ни Русија, ни Турција, ни дури Франција немале потреба од наметнување на Кримската војна, која противречила на интересите на тие земји. Инаку треба да се спомене дека Кримската војна претставувала кулминационен момент на источната политика во средината на XIX век.

На актуелноста на Источното прашање и по Кримската војна посветена е втората статија на П. А. Чихачев — „Прочен ли Парижский мир?" (La paix de Paris est-elle une paix solide?) која била објавена по неколку дена по случувањето на Парискиот мировен договор. Чихачев докажува тука дека Кримската војна и Парискиот мировен договор не го разрешиле Источното прашање. Тој сметал дека овој договор носел привремен карактер и Русија потоа, откако ќе го реорганизирала своето социјално устројство, ќе воспоставела можност и ќе пристапела кон исправување на условите на договорот. П. А. Чихачев потцртува дека тешко било точно да се предвиди тоа време кога ќе произлегол таков расплет, но совршено очигледно Русија ќе најдела благопријатен момент за да би го разрушила „несигурното здание", издигнато со Парискиот конгрес.

Особено место во историско-политичките работи на П. А. Чихачев зазема прашањето за внатрешната положба на Османската империја. Во своите работи, особено во „Письмах о Турции" („Lettres sur la Turquie"), тој убедително го покажал распаѓањето на Османската империја, кое по Кримската војна не само што не се запрело туку дури се засилило.

П. А. Чихачев јасно ја претставил сликата на економското пропаѓање на Османската империја, кое воочливо се појавувало во нејзината финансиска инсолвентност и се изразувало во брзиот раст на дефицитот на буџетот и создавање на колосален државен долг.

Во објавената во 1858 година во Брисел и Париз политичка брошура „Италия и Турция" („Italie et Turquie") П. А. Чихачев ги поврзувал резултатите на Кримската војна со неопходноста од реконструкцијата на внатрешниот строј на Русија, го обележувал патот на преобразувањето и дури се обидувал да ги предвиди нивните резултати. Тој сметал дека во Русија „било нужно речиси сè да се реорганизира", дека Кримската војна го поставила на дневен ред разрешувањето на ред проблеми помеѓу кои особено место заземал проблемот за ослободувањето на селаните.

Интересен е еден став на П. А. Чихачев каде што вели дека во поглед на решавањето на италијанското прашање, кое во средината на XIX век било прилично актуелно, би требало да се преземе следново: „Во тој случај, не е исклучено, на најзгоден начин — да се предадат на Австрија придунавските кнежевства во компензација за Ломбардија и венецијанските провинции, а исто така да се создаде независна словенска држава којашто ќе ги вклучувала Србија, Бугарија, Албанија, Херцеговина, Хрватска и Босна. Таквата држава би служела како бариера меѓу Австрија и провинциите на Европска Турција (Тракија, Румелија, Тесалија и островите на Архипелагот), кои привремено останувале во составот-

на Османската империја. Но, во моментот, кога Австрија ќе станела владетелка на кнежевствата, кај неа засекогаш би била однесена секоја надеж да ја рашири својата територија. Таква била имено намената на новото словенско кралство кое едновремено ќе служело како предупредување за Австрија како залог и предвестник на блиското „ослободување на останатите христијани на Европска Турција“.

Во 1860 година излегла уште една брошура на Чихачев која влегува во составот на оваа книга — „Россия и Восточный вопрос“ („La Russie et la question d'Orient") објавена во Париз. Во оваа статија тој пишувал: Кримската војна „била за нас удар на гром, кој го потресол до темел немоќното здание и ги пробудил неговите жители од длабока сонливост...“ И понатаму: — „Кај секој човек што размислува во Русија владее само една идеја, една цел, а имено — да се остварат внатрешните реформи. Сите разбираат дека ние стоиме наспроти револуција, грандиозна револуција...“.

Разгледувајќи го прашањето за опстанокот на Османската империја П. А. Чихачев вели дека „идеите кои преовладале во светот се состоеле во невозможноста за понатамошното суштествување на Турската империја во Европа. Најважните основи на таа империја биле дијаметрално противоположни на Европа и на сето тоа што за неа станувало категорична

Осврнувајќи се на причините за тоа како Турската империја така долго суштествувала, П. А. Чихачев смета дека како главна причина се состоела во идеата за нејзината разделба. Големите држави, опирајќи се на правото на најсилните, се сметале себеси за законски наследници на Турција. Нив не ги интересирало уништувањето на турската тиранија потреба.

и ослободувањето на угнетените народи, туку разделба на империјата помеѓу нив.

Во шестата статија која носи наслов „Турция в изображении Мирэ" („La Turquie — Mirés"), која била објавена во јануари 1861 година во Париз, П. А. Чихачев ни дава многу интересен материјал по државниот буџет на Османската империја, дал оценка за заемите кон кои султанот бил принуден систематски да прибегнува.

На крајот како прилог се зборува за шестото патешествие на П. А. Чихачев по Мала Азија извршено во периодот од 15 мај до 11 октомври 1853 година.

На крајот можеме да заклучиме дека зборникот на статии на П. А. Чихачев ни дава стојносни материјали во однос на политиката на големите држави спрема Источното прашање во периодот на неговото заострување во средината на XIX век поврзано со Кримската војна од 1853—1856 година.

**Д-р Војо Кушевски, Јордан Димевски, Трпко Панговски, Цветан Беличански, ИСТОРИЈА за I клас на средното образование (за гимназиите),** „Просветно дело“, Скопје 1974 г.

Учебникот од наведените автори е наменет за работа според најновата наставна пограма која предвидува нејзина реализација со два наставни часа во неделата. Содржи 253 страници и по својот

обем делува како да е нешто обимен за возраста за која е наменет. Ако се има предвид дека околу 56 страници во него се користени за слики, шеми, реконструкции на споменици, произлегува дека авторите ја искористиле и максималната граница во обемот — четири страници да се користат за еден час.

Редоследот на темите е следниот: „Увод во историјата“, „Првобитно општество”, „Стариот Исток”, „Стара Грција”, „Подем на Античка Македонија“, „Стар Рим“, „Феудално општество“ и Југословенските народи од VII—XII век.

Текстот во учебникот ги третира следниве проблеми: социолошки, друштвено-организациони, воени и културна историја. Меѓу нив по обемот на обработката постои потребна складност.

Овој учебник претставува едно ново искуство во методиката на обработка на учебник во нашата пракса. Колективното авторство во поголема мера ги избегнало можностите да се предимензионира индивидуалниот приод на авторите.

Не навлегувајќи во редоследот и начинот на обработката на одделните наслови во учебникот, кој не мора да го обврзува наставникот на ропско придржување, ќе се задржиме на она што нему му дава печат на учебник кој претставува компромис да се избегне постојната пракса и тенденцијата да биде активен учебник кој создава услови за креативно понирање во проблематиката. Токму на тоа прашање учебникот се судрува со едно така значајно прашање за целосна иницијатива за нови облици на работа, дискусија, самостојно пронаоѓање на проблематиката, констатирање и заземање на ставови. Со еден стил што одговара на психофизичката возраст на учениците за кои е наменет учебникот, авторите нарочно успешно нè водат низ социолошките набљудувања, во општествено-политичките анализи или претходно синтетизираните заглавија. Тргнувајќи од геслото „каде што е можно новото го градиме на веќе усвоеното и познатото“, доста простор се отстапува на повторни готови констатации до кои би можеле учениците сами да дојдат, ако учебникот би ги поттикнувал на тоа. Така, на пример, создавањето на државите се повторува 6—9 пати. Еднаш таа материја се работи во првата тема кога се разработува првобитното општество, потоа создавањето на државата Египет, државата Индија, Хомеровото време, периодот на распаѓањето на првобитното општество, полисот Спарта, полисот Атина, државата Рим, Франкската држава, државите кај Јужните, Западните и Источните Словени итн. Врз веќе проучениот процес на распаѓањето на родовските заедници и појавата на државата, одговорот во сите други случаеви го наоѓаме кај самиот ученик кој може да спознае како сите тие народи, под специфични услови, биле подвргнати кон општата закономерност на општествениот развиток. Ниту учебникот исто како ни наставникот во наставната работа не треба да раскажува неколку пати за аналогна појава.

Таквата забелешка се однесува и за третманот на религијата. За неа се дава поим во темата „Првобитно општество“. Непојмливо е да се разработува државата Египет или Индија, а да не се постави на прво место нејзината

улога во создавањето ваква или онаква државна организација. Потоа следи посебно заглавие „Религијата кај источните народи“. Доста работи сега веќе се повторуваат. И уште нешто, на учениците им се дава поим за религија кај народи со кои тие претходно не се запознаени. Токму затоа се наметнува потреба од запознавањето на учениците со хронологијата на постанокот на другите држави кај источните народи. Во овој учебник ова прашање е одбележено преку една историска карта со која започнува темата „Источни народи“.

По педагошки мерила, социјално-општествената и политичката страна треба да зазема добар процент во историскиот текст. Таа материја е дадена во потребна пропорција. Поврзувањето на историските законитости и нужности му дава на учебникот полно педагошко и идеолошко значење зашто кај учениците создава смисол за општествено-политичките движења и нивно применување во новите општествени услови. Овие елементи создаваат можност за актуелизација на наставниот материјал и го иницира самиот предавач да ја надградува самоиницијативата кај учениците.

Овој учебник настојува да ја избегне нарацијата која го карактеризира учебникот од стар тип. Едно од решенијата во него е во тоа што се поставуваат прашања на крајот од изложената содржина и по секоја тема. Прашањата се разликуваат по својата содржина и заеднички ги упатуваат учениците на мислење. Авторите отидоа по обратен пат, кога не успеаја нив да ги постават во текстот, па ги поставија на крај од содржината или темата. Овие прашања поместени по излагањето на содржината или темата секако ќе му послужат на ученикот да развива мисловни навики кои предавачот настојува да ги всади на самиот час. Прашањата се поставени низ разни варијанти и упатуваат на тоа како да се паметат новите податоци да се потсетуваат на веќе порано научените факти, ги тераат учениците да ги набљудуваат сликите и картите, ги поттикнуваат на откривање на пронаоѓање последичните врски, ги споредуваат и поврзуваат историските настани, улогата на личностите и ги оспособуваат за сопствените ставови за историските движења. Прашањата помогнуваат за посуштествено сфаќање на проблемот, а со тоа и создавање на трајни знаења на историскиот материјал. Учебникот на ваков начин дава патоказ како да се изведува утврдувањето и повторувањето на изученото градиво. Меѓутоа, не одговорил, преку овој пат на современ учебник ослободен од методите на давање на завршни судови, методи на соопштување на фактите и заклучоците, регистратори на готови факти. Тој не ја отстранува нарацијата макар што импресивното раскажување на историските настани кое е присутно не смее апсолутно да се елиминира од историската настава.

Паѓа в очи дека овој учебник обилува со бројни наставни помагала како составен дел од наставата по историја и тоа: историски слики, историски карти, прикази на воени битки, шеми. Илустративниот материјал во него добил рамноправно значење со текстот. Текстот кон сликите има експликативен карактер. Со доста податоци и бројки, ученикот го доближува до материјата по ис-

торија како наука. Историските слики се неизоставен медиум за пренесување во минатото, а тие се така подредени што сочинуваат единствена функција и органски се поврзани со текстот на учебникот.

Историските карти се во доволна мера користени. По својата содржина тие се користени како тематски исто така и како описни историски карти и на место се поставени. Има потреба од поместување на карта на која ќе се прикажат сите источни робовладетелски држави, оние создадени покрај големите реки и оние што се создале во подруги историски околности. Таквата карта би ја надоместила празнината за робовладетелскиот исток кој е програмски скратен. Така полесно ќе може да се создаде и претстава за културните постигања и придобивките од нив на источните народи. Со картите стои експликативен текст, а има само мали обиди учениците во таа сфера да се натпреваруваат со активирање на својата снаодливост. Објективните околности (материјална опременост на основните-осумгодишни училишта) ја оправдува ваквата поставеност.

Меѓу другото, се користени и реконструкции. Тие кај ученикот создаваат поголем впечаток и научно правилни претстави за споменициите отколку нивните урнатини. Ова не се однесува на реконструкцијата на Акрополот која не ја доловува величината на тоа архитектонско остварување.

Во учебникот се користени шеми кои осветлуваат поимови (пример: од организацијата на феудалната држава, пирамида на феудалната хиерархија). Има шеми во кои е даден приказ на битки (пример: приказ на „Маратонската битка“ која дава можност учениците да се запознаат со карактерот на војните во историјата и што е пресудното за победата во војните). Приказот низ шема на „битката кај Кана“, а уште повеќе „битката кај Зама“ е од повеќе зашто има опасност да се набл егне во воената материја што пак не смее да биде основна цел на наставата по историја.

Секако има потреба од хронолошки и синхронизирани таблици, како и одредени вежби за временската снаодливост.

За да се изградува системот на работа кај учениците за постигање на поголеми и повредни резултати, учебникот упатува на текст од историската читанка. Таа не е печатена и заради тоа и нејзината целисходност во случајов не може да се земе предвид. Токму заради тоа што авторите го имале предвид овој фактор — историската читанка, во текстот на учебникот не би требало да се користи изворен материјал зашто историската читанка токму таа задача ја има: учениците да ги запознае со пишани историски документи и второ, да продлабочи, да прошири и да го „оживее“ текстот од учебникот.

На крајот би укажале на потребата од еден методски прирачник. Тој ќе насочува на методската постапка при обработка и на содржините, употреба на картите, сликите и др.; потем: дали повторувањето и обработката на прашањата ќе се изведува низ писмена, домашна работа или низ друг облик или на самиот час, би бил предмет и содржина на тој методски прирачник кој би имал карактер на методски упат-

ства. Навистина бројни се варијантите и широка е можноста за користење на методите за реализација на овој учебник и секако тоа многу ќе зависи од инвентивноста на самиот наставник, но и ваков прирачник би претставувал обогатување на нашата педагошка пракса.

**Мил. Мар.**

## НАСТАВА ИСТОРИЈЕ, NASTAVA POVJESTI, НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА, POUK ZGODOVINE Zagreb, br. 1 i 2, 1974.

Првите два броја за 1974 година на списанието „Настава по историја" излегоа навреме. И овие два броја доследно ја задржуваат веќе прифатената и афирмираната концепција и физиономија како по составот и структурата на рубриките така и по третманот на прашањата и проблемите од историската наука и предметот. Постојната физиономија и сè подобрата содржина и актуелноста на написите што ги донесува на своите страници придонесуваат списанието да биде и да е неопходна потреба и прирачник на секој историчар, посебно на наставничкиот круг. Со секој нов број списанието станува сакан и признат рефлектор и информатор на научни историски вистини и на стручно,методски искуства од живата и креативната наставна практика во нашите училишта.

Во бројот 1 основна статија е статијата посветена на 50 годишнината од смртта на Владимир Илич Ленин која гласи „Ленин — живот и дело" (Златко Чепо).

Во рубриката „Настава" поместени се авторизираните текстови на одделни реферати поднесени на Вториот југословенски симпозиум за наставата по историја, одржан на 6 октомври 1973 година во Будва. Главна тема на симпозиумот беше: „Наставните програми за историја од аспектот на нивната научна, идејна и педагошка заснованост". Во овој број се поместени следните реферати: „Идејните, научните и дидактичките аспекти на програмите по историја во модерниот учебник" (Марија Павлиќ); „Застапеноста на историјата на народите и народностите во наставните програми по историја) и некои други начелни прашања на програмите по историја" (Вукашин Радоњиќ); „Заеднички содржини во програмите на наставата по историја за средните училишта во СР Хрватска" (Д-р Хрвоје Матковиќ); „Современата историја во наставните програми за основните училишта и гимназиите во нашата земја" (М-р Милутин Перовиќ и Миодраг Драгутиновиќ); „Историјата на народностите во наставната програма за историја во Војводина" (д-р Лазар Ракиќ).

Рубриката „Научни резултати" ја донесува статијата „Дарданци и Дарданија во антиката" од д-р Зеф Мирдита, што е скратена верзија на неговата докторска дисертација.

Мошне пријатно изненадување ни направи редакцијата на списанието со рубриката „Разговори со истакнати историчари". Со оваа рубрика е воспоставена директна врска на личноста и неговите ми-